Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К

## *ОД 14–ТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА*

## *ОДРЖАНА НА 9 ФЕВРУАРИ 2016 ГОДИНА*

Изготвил
Адмир Шабани

**ЗАПИСНИК**
од четиринаесетата седница на Државната изборна комисија

Четиринаесетата седница на Државната изборна комисија се одржа на 9 февруари 2016 година во салата за седници во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 13.40 часот.

На седницата присуствуваа:

**Александар Чичаковски** - Претседател на Државната изборна комисија
**Реџеп Прекопуца** – Потпретседателот на Државната изборна комисија.
**Атанас Урумов-** Член на Државната изборна комисија
**Силвана Бонева -** Член на Државната изборна комисија
**Сашо Срцев -** Член на Државата изборна комисија
**Субхи Јакупи-** Член на Државата изборна комисија
**Виолета Дума** – Член на Државната изборна комисија
**Игор Милев**- Член на Државната изборна комисија, и
**Бедредин Ибраими**- Член на Државната изборна комисија, и
**Добре Јанчев**- Генерален секретар на Државната изборна комисија.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Александар Чичаковски.

За оваа седница беше предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Предлог- Правилник за измена и дополнување на правилникот за внатрешна организација и делокруг на работа на Стручната служба на Државната изборна комисија;**

2. **Предлог- Правилник за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Државната изборна комисија, и**

3. Разно

Комисијата едногласно го усвои дневниот ред.

Точка 1

Образложение во врска со Предлог-Правилник за измена и дополнување на правилникот за внатрешна организација и делокруг на работа на Стручната служба на Државната изборна комисија, даде членот на ДИК Бедредин Ибраими, при што укажа дека со донеувањето на овие два правилници Дик ќе ја исполни законската обврска за формирање на правната служба. Исто така укажа дека во врска со правната служба Комисијата имала разни мислење но сепак најде решение кое е најсоодветно и се вклопува со законот за вработени во државна администрација, со тоа што ќе се

формира одделение значи еден раководител, 4 советници и еден помлад соработник, чии што работни задачи би биуле советување на Комисијата а исто така и надлежностите на оваа одделение кои произлегуваат од Изборниот законик.

Комисијата го разгледа Предлог-Правилникот за измена и дополнување на правилникот за внатрешна организација и делокруг на работа на Стручната служба на Државната изборна комисија, и со оглед дека немаше забелешки, истиот беше ставен на усвојување.

**Комисијата едногласно го усвои Правилникот за измена и дополнување на правилникот за внатрешна организација и делокруг на работа на Стручната служба на Државната изборна комисија**

.

**Точка 2**

**Комисијата го разгледа** Предлог-Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Државната изборна комисија и со оглед на тоа дека немаше забелешки, истиот беше ставен на усвојување.

**Комисијата едногласно го усвои Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во Стручната служба на Државната изборна комисија**.

**Точка 3 -Разно**

Членот на ДИК Силвана Бинева го покрена прашањето околу склучувањето договор со ИТ експертите односно компанијата предложена од IFES, при што побара да се контактира со претставниците од IFES zза да се провери до каде се со постапката за избор и за истата да ја известат Комисијата се со цел што побрзо да се почне со вкрстените проверки.

Во врска со покренатото прашање од членот на ДИК Силвана Бонева, Претседателот на ДИК Александар Чичаковски го предложи следниот заклучок:

**ЗАКЛУЧОК:**

**Се задолжува стручната служба на ДИК да стапи во контакт со претставникот на IFES , за да поднесат писмен предлог за ИТ тим до ДИК, за да може да се почне со вкрстените проверки.**

Членот на ДИК, Силвана Бонева, побара информација, колку и кои од институциите одговориле на барањето на ДИК да достават податоци за вкрстени проверки.

Во врска со поставеното прашање од страна на членот на ДИК Силвана Бонева, информација даде Генералниот секретар на ДИК, при што укажа дека до ДИК податоци доставиле следните институции: Фонд за здравствено осигурување, Фонд за пензиско инвалидско осигурување, Агенција за катастар, Агенција за вработување на Република Македонија, Управа за јавни приходи, Централен Регистар и Управа за водење на матични книги.
Додека до сега податоци не доставиле само Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство, Министерство за труд и социјална политика и Народна банка на република Македонија.

Во врска со известувањето на Генералниот секретар на ДИК, членот на ДИК Бедредин Ибраими , укажа дека веќе има услови за да почнеме со вкрстени проверки на податоците од базите на податоци

кои ги доставиле институциите, додека останатите институции како ќе ги доставаат податоците така ќе бидатт ставени на проверка.

Претседателот на ДИК Александар Чичаковски, укажа дека добиените податоци треба да се стават во систем и после истите да бидат предадени на избраните компании кои ќе ги вршат проверките, и за доставувањето на податоците треба да се направи записник за примо-предавање помеѓу ДИК и тимовите кои ќе работаат на проверки.

Членот на ДИК Игор Милев, во врска со започнувањето на проверките укажа дека пред започнување на истите треба да се направат дополнителни консултации со ИТ експертите за да се констатира дали е се спремно да се започнат проверките со оглед на тоа дека просториите каде ќе се вршат проверките уште не се мрежно поврзани.

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, исто така наведе дека треба да се донесат и безбедносни процедури односно документи кои би определиле лозинките и кој ќе ги поседува истите, со цел да не се загрози процесот, исто така наведе дека околу ова прашање ИТ консултантите добиле укажувања и работат на изготвување на таков документ.

**Со оглед на тоа дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја заклучи седницата.**

**14-та седница на ДИК заврши во 14:00 часот**

**Број** 08-371/2
11.02.**2016**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Чичаковски**

*НАПОМЕНА:*
*Составен дел на овој записник е аудио снимка од седницата*